РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр 14- 2449
15.11.2017 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 35 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15 и 30/16), по Решение за давање генерално овластување број 08-8064/1 од 03.07.2017 година на министерот за образование и наука, државниот секретар во Министерството за образование и наука донесе

## РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиските програми од втор циклус на едногодишни студии по Спорт и спортски менаџмент – Спортски менаџмент и Спорт и спортски менаџмент – Спорт и физичко образование на Факултет за спортски менаџмент при Прв приватен универзитет – ФОН од Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа студиските програми од втор циклус на едногодишни студии по Спорт и спортски менаџмент – Спортски менаџмент и Спорт и спортски менаџмент – Спорт и физичко образование на Факултет за спортски менаџмент при Прв приватен универзитет – ФОН од Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Приватната високообразовна установа Прв приватен универзитет – ФОН од Скопје се обрати со барање со број 03-1510/1 од 13.10.2017 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-2449 од 16.10.2017 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од втор циклус на едногодишни студии по Спорт и спортски менаџмент – Спортски менаџмент и Спорт и спортски менаџмент – Спорт и физичко образование на Факултет за спортски менаџмент, акредитирани од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование со Решение бр.1409-16/7 од 31.08.2014 година и бр. бр.1409-16/6 од 31.08.2014 година година.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-2449 од 30.10.2017 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми наведени во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 31.10.2017 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 14-2449 од 01.11.2017 година, каде е наведено дека за студиските програми наведени во точка 1 на ова Решение, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР**
**Анета Трпевска**

**Доставено до:**
**- Примачот**
**-Архива**
изработил: м-р Викторија Динковска
контролирал: Снежана Лузевска
одобрил: д-р Агим Рушити